# Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување

**Член 1**

Во Законот за дополнување на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 61/15), во членот 3 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат зборовите: „Законот за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 119/16)“.

**Член 2**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравственото осигурување.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.